<table>
<tr><td colspan="2">Прилог бр.3</td><td colspan="5">Предметна програма од прв циклус на студии</td></tr>
<tr><td>1.</td><td colspan="2">Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="5">ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ</td></tr>
<tr><td>2.</td><td colspan="2">Код</td><td colspan="5">ФЗНХ 45</td></tr>
<tr><td>3.</td><td colspan="2">Студиска програма</td><td colspan="5">Анимално производство</td></tr>
<tr><td>4.</td><td colspan="2">Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="5">Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје</td></tr>
<tr><td>5.</td><td colspan="2">Степен (прв, втор, трет циклус)</td><td colspan="5">Прв циклус студии</td></tr>
<tr><td>6.</td><td colspan="2">Академска година/семестар</td><td>Четврта година/ VIII семестар</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС кредити</td><td>6</td></tr>
<tr><td>8.</td><td colspan="2">Наставник</td><td colspan="5">Проф. д-р Методија Трајчев
Проф. д-р Димитар Наков</td></tr>
<tr><td>9.</td><td colspan="2">Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="5">– Претходни општи предзнаења од биохемија, анатомија, физиологија и репродукција на домашните животни
– Користење на интернет и стручно-научни списанија</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="7">Цели на предметната програма (компетенции):
– Стекнување основни познавања за патологијата на болестите, ветеринарната фармакологија, органските, одгледувачките, заразните и паразитските болести на домашните животни, особено патологијата во интензивните системи на одгледување и нивната превентива
– Стекнување основни вештини за неопходните епизоотиолошки мерки во интензивното сточарско производство</td></tr>
<tr><td>11.</td><td colspan="7">Содржина на предметната програма:
o Основи на патолошката анатомија, основи на ветеринарната имунологија, ветеринарната фармакологија и дијагностика на болестите (болест, етиологија, атрофија, дистрофија, циркулаторни нарушувања, воспалителна реакција, регенеративни процеси, тумори, медикаментозни средства и форми, начини на апликација на медикаментите, значење на ветеринарните лекови);
o Органски болести (болести на кардиоваскуларниот и респираторниот систем, болести на органите за варење и црниот дроб, болести на уринарниот систем, болести на перитонеумот, болести на нервниот систем, болести на кожата, метаболички болести болести на ендокрините жлезди, лоши навики кај домашните животни;
o Приод и фиксирање на животните, план на клиничкото испитување. Општи и специјални методи на клиничиот преглед, општи и специјални испитувања (анамнеза, национал, хабитус, тријас, испитувања на кардио-васкуларниот систем, органи за дишење, органи за варење, урогенитални органи, локомоторен и нервен систем);
o Патологија на репродукцијата и болести на млечната жлезда и подмладокот (патологија на гравидитетот, породувањето и пуерпериумо, стерилитет, болести на млечната жлезда, болести на младите животни);
o Дијагностика на болестите на гравидитетот, испитување на млечната жлезда, дијагностика на маститисите - лабораториски и теренски методи, земање млеко проба за бактериолошка анализа;
o Основи на хирургијата (асепса и антисепса, стерилизација на хируршки инструменти, преврски. хируршки инструменти и материјали, прва помош при повреди, крвавење, каснување од змии, пчели и стршлен, масажа, обезрожување на говедата, потковување, кастрација - безкрвна и крвна метода)
o Заразни болести (општа и специјална епизоотиологија, заразни болести предизвикани од бактерии, заразни болести предизвикани од вируси, заразни болести предизвикани од габи, микотоксикози, методи за дијагностицирање на заразните болести)
o Паразитски болести (протозоарни болести, хелминтијази, болести предизвикани од развојни облици на паразити, болести предизвикани од ектопаразити, болести предизвикани од развојни облици на инсекти, откривање паразити - флотациона и седиментациона метода, крвна размаска - откривање на причинители на пироплазмозата);
o Вектор преносливи полести
o Болести на живината / Превентивни програми (органски болести, паразитарни болести, заразни болести);
o Превентивни програми во сточарското производство;
o Закон за ветеринарно здравство. Легислатива во ЕУ.</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="7">Методи на учење:
– Предавања поддржани со компјутерски и видео презентации, ќе се практикуваат дискусии, изработка на групни или индивидуални семинарски работи, студии на случај, консултации, гостин на предавања, одбрана на проектна задача итн.)
– Вежбите ќе бидат аудиториски, лабораториски и теренски во непосредното сточарско производство со тимска и индивидуална работа на одреден проблем-детекција на здравствен проблем и предлог за</td></tr>
</table>

	понатамошна постапка. Ќе се практикуваат форуми, дискусии, и консултации.					
13.	Вкупен расположлив фонд на време		**6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови**			
14.	Распределба на расположливото време		**45+30+105 = 180 часови (15.1+15.2+16.1+16.2+16.3)**			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	**45**	часови	
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски, теренски), семинари, тимска работа	**30**	часови	
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	**20**	часови	
		16.2	Самостојни задачи	**20**	часови	
		16.3	Домашно учење	**65**	часови	
17.	Начин на оценување					
	17.1	Тестови		**60**	бодови	
	17.2	Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна)		**10**	бодови	
	17.3	Активност и учество		**30**	бодови	
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)		**до 50 бода**	**5**	**(пет)**	**(F)**
			од 51 бода до 60 бода	**6**	**(шест)**	**(E)**
			од 61 бода до 70 бода	**7**	**(седум)**	**(D)**
			од 71 бода до 80 бода	**8**	**(осум)**	**(C)**
			од 81 бода до 90 бода	**9**	**(девет)**	**(B)**
			од 91 бода до 100 бода	**10**	**(десет)**	**(A)**
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит		Минимум потребни поени од посета на теоретска и практична настава = 16 Минимум потребни поени од изработка на групна семинарска работа = 2 Минимум потребни поени од изработка на индивидуална семинарска работа = 6 Минимум потребни поени од друга практична работа или проектна активност = 6 Успешност на модуларните тестови од минимум 2x15 поени = 30			
20.	Јазик на кој се изведува наставата		**Македонски**			
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		**Анонимна анкета на студентите**			
22.	Литература					

Задолжителна литература

Ред. број	**Автор**	**Наслов**	**Издавач**	**Година**
1.	Мацировв, Ж	Ветеринарство	Универзитет “Св. Кирил и Методиј” Скопје	1987
2.	Мацировв, Ж	Практикум по ветеринарство. Второ преработено и дополнето издание	Универзитет “Св. Кирил и Методиј” Скопје	1989
3.	Радоститс, О.М., Геј, К.Ц., Хинчклиф, К.В., Констејбл, П.Д.	Ветеринарна Медицина, 10то издание	Elsevier Limited	2010

Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Loncarević, A	Zdravstvena zastita svinja u intenzivnom odgoju	Univerzitet u Beogradu, Fakultet veterinarske medicine	1997

		2.	Panjević, Dj	Zarazne bolesti zivotinja-virusne etiologije	Univerzitet u Beogradu, Fakultet veterinarske medicine	1991
		3.	Lolin, M	Zarazne bolesti zivotinja-bakterijske etiologije	Univerzitet u Beogradu, Fakultet veterinarske medicine	1991
		4.	Thrusfield, M.	Veterinary epidemiology. Third edition	Blackwell Science Ltd, a Blackwell Publishing company, Veterinary Clinical Studies, Royal (Dick) School of Veterinary Studies, University of Edinburgh, Scotland	2008
		5.	Tibayrenc, M.	Encyclopedia od infectious deseases: modern methodologies	Jonh Wiley & Sons, Inc	2007